# З А П И С Н И К

## од 11-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржанана 30.05.2022година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово. Седницата започна во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 11-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година;
2. Предлог – Одлука за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот“;
3. Предлог – Одлука за определување зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (објекти) на подрачјето на Општина Валандово;
4. Предлог – Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово;
5. Предлог – Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово;
6. Предлог – Одлука за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година;
7. Предлог – Одлука за отстапување на новоизградениот канализационен систем во населено место Раброво на ЈП “Комунален сервис” Валандово;
8. Одлука на Управен одбор на ЈП “Комунален сервис” Валандово за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населено место Раброво;
9. Предлог – Одлука за отстапување на движни ствари на ЈП “Комунален сервис” Валандово;
10. Одлука на Управен одбор на ЈП “Комунален сервис” Валандово за донесување ценовник за услуги на ЈП “Комунален сервис”;
11. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП “Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година;
12. Информација за состојбите со дивите депонии во Општина Валандово;
13. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2022 година;
14. Предлог – Одлука за усвојување на почетниот биланс, годишните сметки за 2021 и 2022 година и Извештајот за материјално и финансиско работење на Заедничкото јавно претпријатије за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА” – Струмица - воликвидација;

15. Предлог – Одлука за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатије за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА” – Струмица - воликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатије за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА” – Струмица - воликвидација;

16. Програма за изведување на слободни активности настава во природа за учениците од V одделение при ООУ „Јосип БрозТито“ Валандово во учебната 2021/2022 година;

17. Предлог – Одлука за формирање на Совет за превенција на детско престапништво на Општина Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и едногласно, со 15 гласа ЗА, беше изгласан.

Пред да се пристапи кон работа по дневниот ред, беше отворена расправа по записникот од 10- тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор и записникот од 10-тата редовна седница, беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ, беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Предлог - Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, детално образложение даде раководителот на одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова - Јорданова. Притоа информираше дека се работи за отварање на донаторска сметка на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за спроведување на проект Еразмус.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па Предлог-Одлуката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ истата беше изгласана.

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот“, образложение имаше градоначалникот Перо Костадинов. Рече дека овој проект претставува туристичко уредување на патеката од с. Пирава до Манастирот Св. Ѓорѓи и ќе се реализира заедно и со средства од Центарот за развој на југоисточниот плански регион, од Министерството за локална самоуправа, и сопствено учество на Општина Валандово. Се работи за убав проект кој ќе ја збогати туристичката понуда на Општина Валандово и ќе створи услови за поголема рекреација на граѓаните на Општина Валандово.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Таа од името на советничката група на ВМРО ДПМНЕ рече дека ќе гласаат ЗА оваа одлука бидејќи тие се за развивање на Општина Валандово и за останување на младите во неа и сакаат да има повеќе начини за рекреирање. Но рече дека самиот наслов „за иднината на регионот“ не кажува дека се гледа некаква иднина, бидејќи гледаме дека во последно време младите се почесто се иселуваат, нашето Валандово полека полека изумира. Рече дека пред 5 години, кога се градеше кејот кај градинката, се излезе со парола „Џабе ви се ламбите ваши, кога ги нема децата наши“. Сега гледаме дека уште повеќе ги нема децата наши. Рече дека се одеше со некаква стратегија за локален економски развој во општината, но може да се види дека се е замрено. Немаме отварање на нови работни места, граѓаните не чувствуваат сигурност во општината. Беше најавен план 5:50:500, но од него воопшто ништо не се спроведе, рече барем да се одеше со 1:10:100. Насекаде

беа тешки 2 години на економски план, но тука не се направи воопшто ништо освен преврaботување на општинската администрација во општинската зграда. Во таа насока рече дека треба да се доградат уште две канцеларии за да не бидат премногу луѓе во една иста просторија. Преврaботување има и во јавното претпријатие и со тоа во Валандово дојде „живот за сите“.

Градоначалникот се јави за реплика на советничката Јулија Тушевска. Рече дека му е жал што советничката Јулија Тушевска заборава дека и таа е избрана од граѓаните, за да го подобрува животот на сите граѓани на Општината. Рече дека тоа што го зборува нема никаква поврзаност со проектот кој ќе се реализира и доколку се влезе во политичка дискусија и дебата ќе се оди до недоглед. Рече дека нема да ја користи нејзината реторика која што прави политикантство и раздор. Рече дека граѓаните на Опшината знаат какви капитални проекти се направени по населените места, посебно проектот со уличното осветлување и што тој значи во време на енергетска криза. На крај додаде дека советниците од ВМРО ДПМНЕ нема потреба да гласаат за овој проект, бидејќи истиот секако ќе се изгласа.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог – Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот“, беше ставена на гласање и едногласно, со 15 гласа ЗА, беше изгласана.

ТОЧКА 3, 4 и 5

По Предлог – Одлуката за определување зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (објекти) на подрачјето на Општина Валандово,

Предлог – Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово и

Предлог – Одлуката за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово,
се водеше заедничка расправа.

Образложение кон предложените одлуки имаше раководителот на одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова-Јорданова. Рече дека овие одлуки се неопходни за даночното одделение и се изготвени врз основа на Законот за данок и методологија за пресметка на данок.

Беше отворена расправа, никој не се јави за збор, па точките поединечно беа ставени на гласање и изгласани:

ТОЧКА 3 едногласно, со 15 гласа ЗА
ТОЧКА 4 едногласно, со 15 гласа ЗА
ТОЧКА 5 едногласно, со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 6

По Предлог-Одлуката за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година, беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека според неа наместо 30.000 денари треба да им се даде 60.000 денари и на ЖФК „Победа“ бидејќи клубот се натпреварува во втора македонска женска фудбалска лига за првпат во историјата. Забележа дека на другите два клуба ФК „Победа“ мажи и ФК „Младост“, им се дадоа средства во февруари и сега пак им се дава по 60.000 денари

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека сега здруженијата добиваат многу повеќе средства од порано и овој износ што се одобрува е

договорен со нив. Засега се даваат овие 30.000 денари, но во наредниот период повторно ќе им биде одобрен истиот износ.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог-Одлуката за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година, беше ставена на гласање и едногласно, со 15 гласа ЗА, истата беше изгласана.

ТОЧКА 7

По Предлог– Одлуката за отстапување на новоизградениот канализационен систем во населено место Раброво на ЈП "Комунален сервис" Валандово, беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека ја поздравува реализацијата на проектот „Изградба на канализациониот систем за Раброво" и можеме да констатираме дека добро се искористени средствата на Министерството за транспорт и врски, кои беа наменети за изградба на карго аеродром ТАВ. Може да констатираме дека сега ќе има канализационен систем во с. Раброво, а граѓаните на Македонија ќе немаат карго аеродром. Со тие средства би можело да има барем 10 вакви проекти, но добро е што граѓаните на Општина Валандово ќе го добијат и тоа.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека го поздравува советникот Тоше Тодоров и му посакува во наредниот период да биде пратеник и да расправа за изградба на аеродром. Рече дека Општина Валандово аплицираше и со поддршка на Владата на РСМ, успеа да го добие овој проект во вредност од 34.000.000 денари. Додаде дека во време на кампањата на ВМРО ДПМНЕ, овој проект се најавуваше на веќе склучен договор. Додаде дека се надева дека на настанот за ставање во функција на објектот, советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе бидат присутни, а не како советниците од претходниот состав кои кога се носеа одлуки за детската градинка во Брајковци ја напуштаа седницата и не беа присутни на нејзиното отварање. Рече дека многу е вложено во овој канализационен систем и со неговото завршување и предавање на ЈП „Комунален сервис", граѓаните ќе го видат поубавиот момент на основна инфраструктура.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог–Одлуката за отстапување на новоизградениот канализационен систем во населено место Раброво на ЈП "Комунален сервис" Валандово, беше ставена на гласање и едногласно, со 15 гласа ЗА, истата беше изгласана.

ТОЧКА 8

По Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Комунален сервис" Валандово за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населено место Раброво, кратко појаснување даде претседателот на Советот, Владимир Марков. Рече дека определен е надоместок за физички лица во износ од 3.000 денари, а за правни лица е 4,000 денари.

Беше отворена расправа.

Немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање, едногласно, со 15 гласа ЗА, даде согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈП "Комунален сервис" Валандово за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населено место Раброво.

ТОЧКА 9

По Предлог-Одлуката за отстапување на движни ствари на ЈП "Комунален сервис" Валандово, немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Комунален сервис" Валандово за донесување ценовник за услуги на ЈП "Комунален сервис", кратко појаснување даде директорката на ЈП „Комунален сервис", Емилија Заева Костова. Рече дека има мали измени во ценовникот од 2011 година кој останува да важи и понатаму.

По отворената расправа немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање, едногласно, со 15 гласа ЗА, даде согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Комунален сервис" Валандово за донесување ценовник за услуги на ЈП "Комунален сервис".

ТОЧКА 11

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година, повторно појаснување имаше директорката на ЈП „Комунален сервис" Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека во минатата година кога се гласаше за кварталниот извештај, долгот спрема ЕВН беше голем и изнесуваше околу 7.000.000 денари. Праша дали сега истиот долг е намален. Забележа дека од извештајот може да се констатира дека 75% од вкупните расходи се само за плата, а наплатата изнесува 90%, па се гледа дека остануваат само 900.000 денари за тековно работење. Се прикажува и добивка од 50.000 денари. Дали ова навистина е вака. Исто така праша, на седницата од 28.02.2022 година, имаше предвидено точка на дневен ред, Одлука за зголемување на вредноста на бодот на вработените во ЈП, но таа точка е симната од дневен ред и не се применува и покрај тоа што УО веќе ја усвоил.

Директорката на ЈП „Комунален сервис" Емилија Заева Костова, најпрво одговори дека долгот спрема ЕВН се плаќа на рати, редовно, според направена спогодба и од кога таа е на чело на ЈП не се прескокнало ниеден месец. Рече дека од процентот на наплата, најголем дел оди за плати на вработените, за струја и за горива. Бодот не е покачен поради сугестиите од состаноците на директорите на ЈП да се оди со прилагодување со минималната плата, поради тоа што ЈП немаат потпишано колективни договори за да се исплаќа по бодови.

Градоначалникот се јави за збор. Рече дека сите сме запознаени со енергетската криза, а на најголем удар се ЈП. Во другите општини ЈП се во многу полоша состојба од Валандово, а ЈП „Комунален сервис" и покрај ваквата општа состојба оди со најниски цени за извршување на услуги. Додаде дека во изминатите години ЈП имаше големи капитални трошоци околу превземањето на водоводите од населените места, а ЈП работи домаќински и транспарентно и во време на енергетска криза и процентот за плати сега изнесува 75%, а пред неколку години кога тој беше советник 85% од приходите одеа за плати.

Директорката на ЈП Комунален сервис Емилија Заева Костова, се јави уште со едно појаснување, дека при анализата на Кварталниот извештај е исправно да се прави и споредба со истиот квартал од мината година. Кога ќе се споредат тие два квартали ќе се види дека мината година, за договорни услуги, се потрошиле 985.000 денари, а сега се потрошиле 785.950 денари. Тоа се должи на домаќинско работење и заштеда и на фактот што кога има потреба се ангажираат вработените во ЈП, а не дополнително нови луѓе.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека знае како се прави анализа, но таа сега пред неа го има само материјалот за првиот квартал од оваа календарска година, од која ја гледа фактичката состојба, и оттаму е констатацијата колку сега се троши за плати и тековно одржување и додаде дека не и била целта да навредува.

Директорката Емилија Заева Костова, рече дека добронамерно укажува како се прави анализа и стои на располагање за тоа да одговори на сите прашања сега и во иднина.

Збор зема Претседателот на Советот Владимир Марков. Рече дека директорите на ЈП во изминатиот период од 5 години, секогаш пред Советот се присутни да даваат образложение, но забележа дека во излагањето на советничката Јулија Тушевска се гледаат нелогичности и неискрен пристап, бидејќи во изминатиот период гласаше против покачување на цената на водата и дури и инсистираше таа да се намали, а сега реагира на тоа дека голем процент од средствата се трошат за плати. Ја преша како ЈП ќе се финансира од наплатата на услугите ако нивната цена не се зголемува, покрај зголемената минимална плата и електричната енергија. Како ЈП ќе се финансира ако соодветно не си ги наплаќа услугите. Рече дека не значи дека треба да се оди со многу зголемени цени, иако засега во регионот тие се најниски. Додаде дека од страна на ЈП од кога е дојдена новата директорка се работи домаќински и зголемени се активностите на ЈП и истото е за пофалба, се чисти и коси и покрај локалните патишта, се собира отпадот од граѓаните по претходно пријавување и ја искористи приликата да апелира на поголема одговорност од страна на граѓаните.

Анита Коцева се јави за збор. Рече дека на минатата седница постави советничко прашање до директорката на ЈП но сеуште нема добиено одговор. Од градоначалникот доби ветување дека заедно ќе се излезе на терен и ќе се разгедаат критичните точки во општината, но и тоа ветување остана само во записникот. Сега таа ја праша директорката, зошто граѓаните плаќаат 80 денари за јавна чистота а го добиваат ова на сликите.... и раздели неколку фотографии направени од повеќе локации во населеното место Јосифово. Рече дека за сите констатации и прашања завршен збор има градоначалникот, се со цел да ги заштити своите вработени во општинските институции, а констатациите и забелешките ги квалификува како политикантство и ги замолчува, а сето она што се прашува и е реално. Рече дека ја боли што од страна на градоначалникот се демонстрира културна ароганција и неретко исмејување.

Директорката Емилија Заева Костова рече дека ставката за јавна чистота не е измислена и е воведена законски и износ од 80 денари е законски определен и мора да се наплатува. Праша за локацијата прикажана на сликите и рече дека не е исто да се гледаат проблемите од страна и од дома и да се критикува, туку во пракса и на терен не е исто. Повтори дека сегогаш излегува на терен по пријави на граѓани и стои на располагање да поразговара после седницата за овие критични точки и истите да бидат санирани.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека и се извинува на колешката советничка Анита Коцева што не го реализирал ветувањето за посета на населените места, но рече дека и таа можела да го контактира и него и ЈП и доколку не се реагира тогаш има право да критикува. Вети дека уште еднаш ќе се заложи да во наредниот период го реализира ветувањето за посета на населените места.

Анита Коцева се јави повторно. За надоместот за јавна чистота не вели да не се наплаќа, но ако веќе се наплаќа таа услуга, да се чисти и да се средува во сите населени места.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор и рече дека наместо политички да се критикува, може сликата да се испрати на директорката на ЈП и повика сите зедно да работиме во интерес на граѓаните.

Немаше други пријавено за дискусија, па Советот, по спроведеното гласање, со 10 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ, даде согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП “Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година.

ТОЧКА 12

По Информација за состојбите со дивите депонии во Општина Валандово образложение даде Глигорије Џилвиџиев.

По отворената расправа немаше пријавено за дискусија, па Советот едногласно, со 15 гласа ЗА ја усвои Информација за состојбите со дивите депонии во Општина Валандово.

ТОЧКА 13

По Предлог – Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2022 година, немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и усвоена едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлуката за усвојување на почетниот биланс, годишните сметки за 2021 и 2022 година и Извештајот за материјално и финансиско работење на Заедничкото јавно претпријатије за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА" – Струмица – воликвидација, немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и усвоена едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Предлог – Одлуката за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатије за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА" – Струмица – во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатије за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА" – Струмица – во ликвидација, немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и едногласно усвоена, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 16

По Програмата за изведување на слободни активности настава во природа за учениците од V одделение при ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово во учебната 2021/2022 година, немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање едногласно, со 15 гласа ЗА даде позитивно мислење на Програмата.

ТОЧКА 17

По Предлог – Одлуката за формирање на Совет за превенција на детско престапништво на Општина Валандово, збор зема претседателот на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ. Рече дека Комисиијата за мандатни прашања за членови на Советот ги предлага:

Биназ Тасева од МВР, претставник на Полициска станица Валандово;

Благоје Зајков, претставник од Центарот за социјални работи Валандово,

Атанас Спасов, претставник од Совет на родители на СОУ „Гоце Делчев" Валандово,

Коце Парнаков, претставник од Совет на родители на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово и

Јасмина Андонова, претставник од Совет на родители на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово.

Немаше пријавено за дискусија, па Одлука за формирање на Совет за превенција на детско престапништво на Општина Валандово, беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Анита Коцева

Претходно поставив советничко прашање кое се однесуваше до директорката на ЈОУ ДГ „Калинка“, но на седницата не добив одговор. Ми беше кажано дека одговор ќе добијам писмено. Во деловникот за работа на Општина Валандово стои дека ако лицето на кое се поставува советничкото прашање не е присутно, одговор се доставува писмено во рок од 10 дена, а таа одговор добила денес, после 30 дена. Во одговорот стои дека не е испочитувано менито и не се дава тоа што е предвидено. Рече дека можеби нејзиното прашање се смета за минорно, тука станува збор за принцип на функционирање на Советот на Општината, а со тоа докажувате дека овие прашања поставени од опозицијата се небитни и минорни.

Градоначалникот апелираше до сите советници, без разлика од која политичка партија доаѓаат, поради тоа што ние не сме голема општина, секој со секој се знае лично и тие треба да комуницираат меѓу себе. На советничката Анита Коцева и одговори на прашањето дека одговорот и е испратен од страна на надлежните служби и рече дека ниту тој, ниту некој друг од општинската администарација ги смета за минорни и небитни прашањата кои таа ги поставува. Рече дека сите знаеме каков објект сега се прави во Јосифово, а во каков објект е сега сместена градинката, во поранешна кујна и нема потреба да се дискутира на ваков начин, во интерес на нашите најмлади граѓани на општината. Рече дека секој од нас дискутира најдобронамерно и е достапен за одговарање на советничките прашања и не прави никаква разлика меѓу советниците

Аспарух Москов

Прашање до градоначалникот? колку е запознаен со случајот во с. Удово. Оградено е местото во близина до младинскиот „некултурен“ дом и прашува дали знае кој го оградил, со кои средства и зошто?

Градоначалникот одговори дека претходниот ден го видел тоа место и го праша советникот дали неговото возило е паркирано таму?

Советникот Аспарух Москов одговори дека не е неговото возило паркирано таму и штом градоначалникот го видел местото требало да реагира бидејќи тоа не личи на ништо, нема никаква симетрија, заковани колци од отпад, закачен синџир и личи на тренинг центар. Рече дека прашањето е поставено пред 15 дена на советникот од владејачката партија, но не е реагирано и ништо не е исправено и затоа го поставува повторно.

Градоначалникот одговори дека ќе се провери точно за што станува збор, дали од страна ЈП е направено и ќе биде одговорено.

Аспарух Москов рече дека културно прашам, прашањето беше поставено и до советникот, но не беше реагирано и исправено и затоа сега тој повторно реагира.

Градоначалникот одговори дека на прашањето на советникот „кој го направи тоа“ изреагирал така поради тоа што знае дека советникот Аспарух Москов е во тек со се што се случува таму и го знае одговорот. Повтори дека во

наредниот период дополнително ќе се реагира, ќе се повика и советникот Аспарух Москов и визуелниот и естетскиот дел ќе се уреди и кај него, нема да создава немир и нема да го вознемирува.

Немаше други советнички прашања и седницата беше заклучена.

Записничар:
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков